# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

**e-mail:elsdhisar@mt.net.mk web site:www.demirhisar.org.**

| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК | 31.01.2011г | Ж-СКА 722014034763019 -НБРМ |
| ОПШТИНА Д-ХИСАР | БРОЈ 1 | ПРЕТПЛАТА ЗА 2011 ГОД |
| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | | ИЗНЕСУВА 500 ДЕНАРИ |
| ОГЛАСИ ПО ТАРИФА | Д-ХИСАР | ЕДЕН БРОЈ ЧИНИ 50 ДЕН |

==========================================================


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /"Службен весник на РМ" бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за определување на приоритетна листа за рехабилитација и реконструкција на локалните патишта во Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за определување на приоритетна листа за рехабилитација и реконструкција на локалните патишта во Општина Демир Хисар донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 31.01.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 87/1**
**03.02.2011 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р.***

***235.*** Врз основа на член 43 и член 94 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.03/2002), а во врска со објавата на Програмата за рехабилитација и реконструкција на локалната патна мрежа, објавена од страна на Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за државни патишта на Република Македонија, Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 31.01.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**

за определување на приоритетна листа за рехабилитација и реконструкција на локалните патишта во Општина Демир Хисар

**член 1**

Со оваа Одлука се определува приоритетна листа од страна на Советот на општина Демир Хисар за рехабилитација и реконструкција на локални патишта во Општина Демир Хисар и тоа:

За рехабилитација и реконструкција на локални патни правци кои ќе бидат финансирани со средства од Светска Банка:

1. Врска Регионален пат 416-с.Базерник во должина од 550 $м^1$;
2. Врска Регионален пат 416-с.Кочишта во должина од 1000 $м^1$;
3. Врска Регионален пат 416-с.Зашле во должина од 500 $м^1$;
4. Врска с.Суводол-манастир „Пресвета Богородица"во должина од 2419 $м^1$;
5. Врска Регионален пат 416-с.Радово-крак за манастир „Св. Атанас" во должина од 1986,50 $м^1$ и
6. Врска Регионален пат Р 516 (с.Сладуево)-с.Прибилци во должина од 1434 $м^1$.

За реконструкција и рехабилитација на локални патни правци кои ќе бидат финансирани со средства од Европска Банка за Обнова и Развој:

1. Локален пат с.Стругово-с.Загориче во должина од 1495,33 $м^1$;
2. Врска Регионален пат 416-с.Кочишта (делница премин преку железничка линија-врска за с.Ново Село) во должина од 3267,60 $м^1$;
3. Врска Регионален пат 416-с.Зашле (делница раскрсница за Турла-с.Брезово) во должина од 2100 $м^1$;
4. Врска Регионален пат 416-с.Загориче во должина од 500 $м^1$ и
5. Врска Регионален пат 516-с.Сладуево во должина од 250 $м^1$.

**член 2**

Со влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за определување на приоритетна листа за рехабилитација и реконструкција на локалните патишта во Општина Демир Хисар бр.07-890/6 од 29.10.2010 година („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 10/2010).

**член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-71/2**
**31.01.2011 година**
**Демир Хисар**

**Совет на Општина Демир Хисар**
**Претседател,**
***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /"Службен весник на РМ" бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за вршење на јавна чистота за 2010 година во Општина Демир Хисар**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за вршење на јавна чистота за 2010 во Општина Демир Хисар донесен на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 31.01.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 87/2**
**03.02.2011 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р.***

***236.*** Врз основа на член 36 став 1 точка 9 оа Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02) и член 43 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Демир Хисар /"Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05 и 7/09 / Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 31.01.2011 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за врешење на јавна чистота за 2010 година во Општина Демир Хисар**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за вршење на јавна чистота за 2010 година во Општина Демир Хисар.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07- 71/3**
**31.01.2011 година**
**Демир Хисар**

**Совет на општина Демир Хисар**
**Претседател,**
***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /"Службен весник на РМ" бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за вршење на јавна чистота за 2011 година во Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Програмата за вршење на јавна чистота за 2011 во Општина Демир Хисар донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 31.01.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 87/3**
**03.02.2011 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р.***

***237.*** Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота /"Службен весник на РМ" бр. 111/08/, а согласно член 43 точка 24 од Статутот на Општина Демир Хисар /"Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02/; 4/05 и 7/09 , Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 31.01.2011 година донесе

**Г О Д И Ш Н А   П Р О Г Р А М А**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА ВО ГРАДОТ ДЕМИР ХИСАР**
**во 2011 година**

**ВОВЕД**

Одржувањето на јавната чистота, собирањето на сметот и чистењето на снегот во зимски услови се дејности од јавен интерес од локално значење.

Одржувањето на јавната чистота е континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини, на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување, заради обезбедување на здрава и чиста животна средина.

Јавни површини и отворени простори на јавни објекти на кои ќе се врши одржување на јавната чистота се: улиците, тротоари, велосипедски патеки, плоштади, кејови, подвозници, надвозници, мостови, паркиралишта, скалила кои ги поврзуваат површините на јавен сообраќај, градски паркови, парк-шуми, улични тревници, видиковци, гранични премини, железнички, автобуски, бензински и такси станици и други објекти на комуналната инфраструктура, јавни телефонски говорници, зоолошки градини, градски гробишта, саjмишта, пазари, магацини и складишта, спортско рекреативни објекти, јавни капалишта и отворени простори околу други јавни објекти.

Одржувањето на јавната чистота и чистењето на снегот и маразот во зимски услови на јавните површини го врши Јавното комунално претпријатие "Комуналец", Демир Хисар, основано од општината.

Цената на услугите кои ги дава ЈКП"Комуналец" се одредува со посебен акт, утврден од Советот на општината.

Согласно член 24 од Законот за јавна чистота Советот на општината ја утврдува висината на надоместокот за одржување на јавната чистота во зависност од изграденоста, уреденоста на јавните површини и потребата-обемот за одржувањето на јавните површини и нивното подрачје.

Исто така Советот на општината ја утврдува мерната единица по која би се наплаќал овој надоместок.

Наплатата на надоместокот за одржување на јавната чистота ќе се врши преку доставување на сметката за собирање и транспортирање на комуналниот отпад и на другите видови неопасен отпад, кој се прикажува одвоено на сметката.

Корисниците, односно сопствениците на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување се должни истите уредно да ги одржуваат на начин со кој не се нагрдува и деградира просторот во урбаните средини и редовно да го отстрануваат сметот од истите.

Собирање на смет е отстранување на создадениот смет од одржувањето на јавни површини и објектите и сместување во садови за смет.

Смет е збир од отпадоци што се собираат при одржување на јавната чистота.

Потеклото и видот на сметот на јавните површини зависи од:

-густина на населеноста
-градски сообраќај
-станбениот простор
-начинот на исхрана
-културата и другите навики на градските жители.

Сметот од јавните површини е од различно потекло и се состои воглавно од:

**1. Нормален секојдневен смет**-отпадоци во кои се вбројуваат:
-отпадоци кои се создаваат во просториите каде се живее или работи;
-отпадоци од храна, амбалажа, употребена хартија, разни метални, стаклени и пластични садови, стари алишта и слично;
-обичен уличен смет: кутии од цигари, кибрити, опушоци, мастики, амбалажи, хартија и слично;
-отпадоци кои се јавуваат при транспорт со возила (кај збирање на куќен смет, разнесување на градежен материјал, земјоделско ѓубре, сено, отпад, намирници и друго при утовар и растовар на разни врсти стока);
-при интезивни врнежи на дожд се врши преносно загадување на јавните сообраќајни површини од разни наноси (песок, земја, лисја и др.)

**2. Сезонски смет**- кој се појавува на јавните површини обично само еднаш годишно. Тоа е последица на климатските промени и претставува извесна опасност за сигурноста на сообраќајот и здравјето на луѓето. Сезонски смет има две врсти и тоа:
-лисјата од дрвата кои паѓаат на јавните и сообраќајни површини покрај дрворедите и парковите. Оваа појава ја има на есен и претставува опасност за безбедноста на сообраќајот и движење на луѓето. Исто така од лисјата може да дојде до затнување на сливниците, односно градската канализација;
-песок и ситен камен (кој служи во зимскиот период за посипување на јавните сообраќајни површини заради намалување на лизгањето на возилата).

## А. ЧИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

Ако се земат во предвид годишните времиња постојат две сезони за чистење на јавните и сообраќајни површини:

**-Зимско чистење на улици:** кое осигурува несметан сообраќај на возила и пешаци, кај снежни врнежи и голомразици со чистење и отклонување на снегот и посипување на улиците со сол и песок.

**-Летно чистење на улиците** се обавува на два начина:

- суво чистење на јавните и сообраќајни површини
- водено чистење на јавните и сообраќајни површини

За утврдување на потребен број на работници за чистење на јавните и сообраќајни површини се користени Прирачници за нормирање и утврдување на обемот на работите и работните задачи за чистење на јавните сообраќајни површини.

## 1.СУВО ЧИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ И СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

Ова чистење ја исклучува употребата на вода и може да се применува за чистење на сите јавни и сообраќајни површини.

Работникот кој обавува чистење на јавните површини снабден е со количка, лопата и метла. Чистењето го обавува така што сметот го собира на купчиња а потоа со лопата и со метла го утоварува во количка, која откако ќе се наполни ја носи во реонска депонија или контејнер од каде се изнесува со возило.

Чистењето на јавните сообраќајни површини во градот ќе се врши во следните предлог зони:

**Прва зона**- 2 (два) пати месечно, односно секоја втора недела и

**Втора зона**-1 (еднаш) месечно

**Прва зона-чистење 2 пати месечно**

| ред.бр. | улица | $м^1$ | $м^2$-коловоз+тротоар |
|---|---|---|---|
| 1. | "Битолска" | 1.770,00 | 15.930,00 |
| 2. | "Маршал Тито" | 990,00 | 7.920,00 |
| 3. | "1-ви Мај" | 840,00 | 6.720,00 |
| | Вкупно: | 3.600,00$м^1$ | 30.570,00$м^2$ |

Потребниот број на работници за чистење на јавните сообраќајни површини во прва зона ќе се утврди со помош на Т-21 и спрема неа се утврдува времето за чистење за 1м$^2$ ефективна површина и работниот учинок од м$^2$/час. При пресметките е пресметан степенот на загаденост кој изнесува 2(втор) степен односно 50см$^3$/м$^2$.

30.570,00 м$^2$x0.36 ден/м$^2$= 11.005,00 ден. за едно чистење
2x 11.005 ден.= 22.010,00 ден. за две чистења месечно
**12 месеци х 22.010 ден. = 264.125,00 денари/годишно**

**Втора зона-чистење еднаш месечно**

| ред. бр. | улица | м$^1$ | м$^2$-асфалт |
|---|---|---|---|
| 1. | "Партизанска" | 1.600,00 | 12.800,00 |
| 2. | "29-ти Ноември" | 320,00 | 2.560,00 |
| 3. | "Вељко Влаховиќ" | 420,00 | 3.360,00 |
| 4. | "Гоце Делчев" | 1.300,00 | 10.400,00 |
| 5. | "Ѓорѓи Сугарев" | 180,00 | 1.440,00 |
| 6. | "Илинденска" | 200,00 | 1.600,00 |
| 7. | "Стојан Лазаревски" | 160,00 | 1.280,00 |
| 8. | "Јордан Пиперката" | 230,00 | 1.840,00 |
| 9. | "Железник" | 160,00 | 1.280,00 |
| 10. | "2-ри Септември" | 160,00 | 1.280,00 |
| 11. | "4-ти Јули" | 260,00 | 2.080,00 |
| 12. | "11-ти Октомври" | 250,00 | 2.000,00 |
| 13. | "Охридска" | 160,00 | 1.280,00 |
| 14. | "Левко Џамбазовски" | 110,00 | 880,00 |
| 15. | "Дехитекс" | 460,00 | 3.680,00 |
| 16. | "Мургашево" | 220,00 | 1.760,00 |
| 17. | "Веле Марков" | 220,00 | 1.760,00 |
| 18. | "Даме Груев" | 150,00 | 1.200,00 |
| | Вкупно: | 6.560,00м$^1$ | 52.480,00м$^2$ |

52.480,00 м$^2$x 0.36 ден/м$^2$= 18.893,00 ден. за едно чистење месечно
**12 месеци х 18.893,00 ден. = 226.716,00 денари/годишно**

**ЗБИРНА СУМА ЗА ДВЕТЕ ЗОНИ**

Прва зона.............................................. **264.125,00 ден**
Втора зона............................................ **226.716,00 ден**

**Вкупно:** **490.841,00 ден/годишно**

**Б. МИЕЊЕ НА УЛИЦИ**

Ја вклучува употребата на вода и е најквалитетно и треба да биде основен начин за летното чистење на јавните сообраќајни површини. Бидејќи ЈКП "Комуналец" не поседува потребно возило-автоцистерна за вршење на оваа услуга миење на јавните сообраќајни површини и доколку Советот на Општината смета да оваа услуга ја врши ЈКП"Комуналец" треба заедно со претпријатието да обезбеди средства за набавка на потребно возило-автоцистерна.

**В. ЧИСТЕЊЕ НА СНЕГОТ**

Чистењето ќе се врши по потреба со камион "ФАП 14-14" со снежен нож со тракторот кој има монтирано снежен нож и со Катерпилар.
За чистење во градот Демир Хисар ги има следниве асфалтирани улици:

**Асфалтирани улици:**

1."Маршал Тито"со должина =990 $м^1$
2."1-ви Мај" =840 $м^1$
3."Вељко Влаховиќ" =420 $м^1$
4."29-ти Ноември" =320 $м^1$
5."Партизанска" =1.600 $м^1$
6."Илинденска" =200 $м^1$
7."Ѓорѓи Сугарев" =180 $м^1$
8."Гоце делчев" =1.300 $м^1$
9."Стојан Лазаревски" =160 $м^1$
10."Железник" =160 $м^1$
11."2-ри Септември" =160 $м^1$
12."Охридска" =160 $м^1$
13."Левко Џамбаз" =110 $м^1$
14"Дехитекс" =460 $м^1$
15."Мургашево" =220 $м^1$
16."4-ти Јули" =260 $м^1$
17."11-ти Октомври" =250 $м^1$
18."Битолска" =1.770 $м^1$
19."Јордан Пиперката" =230 $м^1$
20."Веле Марков" =220 $м^1$
21."Даме Груев" =150 $м^1$

Вкупно: 10.160 $м^1$

Предлог цена за чистење на снег на асфалтираните улици во Демир Хисар со ФАП 14-14 или трактор со снежен плуг изнесува од **1км= 1.200,00 ден., и рачно чистење по тротоарите на $м^2$ површина= 6,80 денари/ $м^2$.**

**Бидејќи чистењето на снег по коловозот на улиците е опфатено со Програмата за зимско одржување на патишта и улици, во оваа Програма ќе се опфати само чистење на снег на тротоари по улиците "Битолска" со должина од 1.770,00 метри, "Маршал Тито" во должина од 150,00 метри, како и чистење на снег на јавни површини.**

**Вкупно тротоари: 1.920,00 м$^2$ х 6,80 ден х 5 пати = 65.280,00 денари/годишно**

Во зимски услови при снежни врнежи давателот на услугата е должен да го исчисти снегот од јавните површини најдоцна **во рок од 6 часа** од почетокот на снежните врнежи.

## Г.ОДРЖУВАЊЕ НА ХИГИЕНА НА ПЛАНИНСКИТЕ РЕГУЛАЦИОНИ ОДВОДНИ ОТВОРЕНИ КАНАЛИ

Во градот Демир Хисар има два планински регулациони одводни отворени канали и тоа на улица "1-ви Мај" и на улицата што ја поврзува "Битолска" со "Партизанска" пред Општината Демир Хисар и АД"Дехитекс". **Вкупната должина изнесува 820м.** За одржување на хигиената за двата планински регулациони одводни отворени канали во Демир Хисар потребни се двајца работници и чистењето да биде еднаш месечно.

1. 2 работника х 110,00 денари х8 часа х 12 месеци = 21.120,00 ден.
2. Изнесување на наносен материјал и шут од одводните канали годишно 2 паушал 6.000,00 денари = 12.000,00 ден.

---

**Вкупно: = 33.120,00 ден/годишно**

## Д. СОБИРАЊЕ И ОДНЕСУВАЊЕ НА УГИНАТИ ЖИВОТНИ ДО ОДРЕДЕНИ ДЕПОНИИ (ЈАМИ)

По барање на Општината за превоз со возило од час:
по 2.200,00 ден.
Поединечно собирање на угинати кучиња и други животни:
по 800,00 ден/парче

**Претпоставено потребни средства ...........................25.000,00 ден/годишно**

## Ѓ. ПОСТАВУВАЊЕ И СМЕТНУВАЊЕ НА ЗНАМИЊА ЗА ДРЖАВНИ ПРАЗНИЦИ

За поставување и сметнување на знамиња се користи возило, кое покрај возачот го опслужуваат уште двајца работници или за едно поставување се потребни 3 часа.

| | |
|---|---|
| 2 работници х 110 ден х 3 часа х 9 повторувања | = 5.940,00 ден |
| 1 камион х 3 часа х 2.000,00 х 9 повторувања | = 54.000,00 ден |
| 1 возач х 3 часа х 140,00 ден х 9 повторувања | = 3.780,00 ден |
| Вкупно: | = 63.720,00 ден |

**Вкупно: = 63.720,00 ден/годишно**
**(Оваа ставка ќе се извршува само доколку бидат набавени нови знамиња од страна на општината)**

## Е. ПОСТАВУВАЊЕ НА СВЕТЛЕЧКИ УКРАСИ ВО ГРАДОТ ПРЕД НОВОГОДИШНИТЕ ПРАЗНИЦИ

За поставување на светлечки украси во градот пред новогодишните празници се користи возило, кое покрај возачот го опслужуваат уште двајца работници.
**Претпоставено: 20 часа x 2.200,00 ден = 44.000,00 денари**

## Ж. ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО

Јавното зеленило во градот е распределено на две целини и тоа:
-градски парк со површина од 5.010 $м^2$
-зеленило по улици и тротоари од 1.190 $м^1$
Зеленилото по улици е распоредено само по улицата "Битолска".
Потребни средства за одржување на градското јавно зеленило се следните:

**ГРАДСКИ ПАРК**

1.Полевање на тревник
4.380 $м^2$ x 1,20 x 10 повторувања =
**Оваа ставка нема да се извршува поради не функционирање на системот за полевање**

2.Косење на тревник
4.380 $м^2$ x 1,40 x 5 повторувања = 30.660,00 ден

3.Собирање на покосена трева
4.380 $м^2$ x 0,80 x 5 повторувања = 17.520,00 ден

4.Гриблање и чистење на листови
4.380 $м^2$ x 1,60 x 5 повторувања = 35.040,00 ден

5.Метење на патеки
340 $м^2$ x 0,50 x 10 повторувања = 1.700,00 ден

6.Режење на ружи и грмушки
30 парчиња x 32,00 x 2 повторувања = 1.920,00 ден

7.Окопување на ружи и грмушки
30 парчиња x 60,00 x 4 повторувања = 7.200,00 ден

8.Копање на цветни зони
290 $м^2$ x 14,20 x 2 повторувања = 8.236,00 ден

---

**Вкупно = 102.276,00 ден./годишно**

**АЛЕА НА УЛ. "БИТОЛСКА"**
1.Поливање на цветна алеа
1.190 м$^2$ х 2,80 х 5 повторувања =
**Оваа ставка нема да се извршува поради не функционирање на системот за полевање**

2.Окопување на ружи и грмушки
1.190 м$^2$ х 2,60 х 2 повторувања = 6.188,00 ден

3.Режење на ружи и грмушки
90 парчиња х 32,00 х 2 повторувања = 5.760,00 ден

4.Одвоз на вишок на земја на окопување
1.190 м$^1$ х 3.60 х 2 повторувања = 8.568,00 ден

---

**Вкупно: = 20.516,00 ден/ годишно**

**Се вкупно за одржување на јавно градско зеленило 122.792,00 ден/годишно**

## З. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИ САНИТАРНИ ЈАЗЛИ

Согласно обврските на општините, предвидени во членот 12 став 2 од Законот за јавна чистота, потребно е обезбедување на локации и изградба на јавни санитарни јазли. Во Деталниот урбанистички план за градот Демир Хисар предвидена е една локација наменета за изградба на јавен санитарен јазол која се наоѓа во близина на зелениот пазар во Демир Хисар. Покрај оваа локација се смета за потребно предвидување на уште една локација за изградба на санитарен јазол кај спортско рекреативниот комплекс на игралишта.
Општина Демир Хисар согласно Програмата за 2009 година, изработи техничка документација за изградба на јавен санитарен јазол за локацијата во близина на зелениот пазар.
Потребните финансиски средства за изградба на санитарниот јазол согласно изработените предмер и пресметка во техничката документација ќе треба да се обезбедат од надлежните Министерства или фондови, поради неможноста тие да се обезбедат од буџетот на општината.

## Ѕ. ПОСТАВУВАЊЕ НА СООДВЕТНИ САДОВИ ЗА ФРЛАЊЕ НА ОТПАДОЦИ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ И НА ОТВОРЕНИТЕ ПРОСТОРИ ПРЕД ЈАВНИТЕ ОБЈЕКТИ

Корисници или сопственици на јавни објекти се должни заради редовно одржување на јавната чистота во дворните површини надвор од објектите да обезбедат и постават садови за фрлање на отпадоци.
За одржување на јавната чистота на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти во државна, односно општинска сопственост, општината има писмено барање до Министерството за животна средина за обезбедување на садови за отпадоци, кои ќе бидат соодветно поставени на места определени за таа намена.

Во соработка со ЈКП "Комуналец" ќе биде изработен графички приказ на досега поставените канти и контејнери во градот Демир Хисар, и ќе бидат предложени места за поставување на нови контејнери и канти за отпадоци.

**РЕКАПИТУЛАЦИЈА**

**А. Чистење на јавни сообраќајни површини ............ 490.841,00 ден**
**Б. Миење на улици ........................................................ /**
**В. Чистење на снег од тротоари ................................ 65.280,00 ден**
**Г. Одржување на хигиена на планински**
**регулациони канали ...................................................... 33.120,00 ден**
**Д.Собирање и однесување на угинати**
**животни до одредени јами ............................................ 25.000,00 ден**
**Ѓ. Поставување и сметнување на знамиња**
**за државни празници ...................................................... /**
**Е. Поставување на светлечки украси**
**пред новогодишни празници ......................................... 44.000,00 ден**
**Ж.Одржување на јавно зеленило ................................ 122.792,00 ден**
**З. Обезбедување на јавни санитарни јазли ................ /**
**Ѕ. Поставување на садови за отпадоци ........................ /**

---

**Вкупно: 781.033,00 ден/год**
**ДДВ 18% 140.585,94 ден**
**Се вкупно: 921.618,94 ден**

**ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Потребните средства за финансирање на работите предвидени во Програмата ќе бидат обезбедени од:

| Ред.бр. | Извор за финансирање | Износ (денари) со додаден ДДВ 18% |
|---|---|---|
| 1. | Од корисници на услуги:<br>-домаќинства: 581дом.x40,00ден.x12мес.<br>-правни лица: 1185враб.x20,00ден.x12мес.<br>-правни лица: по корисна површина | <br>329.078,40<br>335.592,00<br>138.060,00 |
| 2. | Буџет на општината | 78.910,14 |
| 3. | Од прекршочни казни<br>(општокорисна работа) | 39.978,40 |
| 4. | Од донации<br>(контејнери, канти за смет) | |
| | **Вкупно:** | **921.618,94 денари** |

**Бр.07-71/4**
**31.01.2011 година**
**Демир Хисар**

**Совет на Општина Демир Хисар**
**Претседател**
***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /"Службен весник на РМ" бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2010 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2010 во Општина Демир Хисар донесен на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 31.01.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 87/4**
**03.02.2011 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р.***

***238.*** Врз основа на член 92 од Статутот на Општина Демир Хисар /"Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05 и 7/09 / Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 31.01.2011 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2010 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07- 71/5**
**31.01.2011 година**
**Демир Хисар**

**Совет на општина Демир Хисар**
**Претседател,**
***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар во текот на 2010 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар во текот на 2010 година донесен на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 31.01.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 87/5** **Општина Демир Хисар**
**03.02.2011 година** **Градоначалник,**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р.***

***239.*** Врз основа на член 36 став 1 точка 13 оа Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02) и член 43 став 1 точка 13 од Статутот на Општина Демир Хисар /“Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05 и 7/09 / Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 31.01.2011 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештајот за работа на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар во текот на 2010 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работа на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар во текот на 2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07- 71/6** **Совет на општина Демир Хисар**
**31.01.2011 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** ***Љупчо Анѓелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 71 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за определување на приоритетна листа за рехабилитација и реконструкција на локалните патишта во Општина Демир Хисар**

1.Го објавувам Решение за определување на приоритетна листа за рехабилитација и реконструкција на локалните патишта во Општина Демир Хисар донесено од страна на Градоначалникот на Општина Демир Хисар.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 87/6** **Општина Демир Хисар**
**03.02.2011 година** **Градоначалник,**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р.***

***240.*** Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.03/2002), а во врска со објавата за Програмата за рехабилитација и реконструкција на локалната патна мрежа, објавена од страна на Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за државни патишта на Република Македонија, Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за определување на приоритетна листа за рехабилитација и реконструкција на локалните патишта во Општина Демир Хисар

**член 1**

Со оваа Решение се определува приоритетна листа од страна на Градоначалникот на општина Демир Хисар за рехабилитација и реконструкција на локални патишта во Општина Демир Хисар и тоа:

За рехабилитација и реконструкција на локални патни правци кои ќе бидат финансирани со средства од Светска Банка:

1. Врска Регионален пат 416-с.Базерник во должина од 550 $м^1$;
2. Врска Регионален пат 416-с.Кочишта во должина од 1000 $м^1$;
3. Врска Регионален пат 416-с.Зашле во должина од 500 $м^1$;
4. Врска с.Суводол-манастир „Пресвета Богородица“во должина од 2419 $м^1$;
5. Врска Регионален пат 416-с.Радово-крак за манастир „Св. Атанас“ во должина од 1986,50 $м^1$ и
6. Врска Регионален пат Р 516 (с.Сладуево)-с.Прибилци во должина од 1434 $м^1$.

За реконструкција и рехабилитација на локални патни правци кои ќе бидат финансирани со средства од Европска Банка за Обнова и Развој:

2. Локален пат с.Стругово-с.Загориче во должина од 1495,33 $м^1$;
3. Врска Регионален пат 416-с.Кочишта (делница премин преку железничка линија-врска за с.Ново Село) во должина од 3267,60 $м^1$;
4. Врска Регионален пат 416-с.Зашле (делница раскрсница за Турла-с.Брезово) во должина од 2100 $м^1$;

5. Врска Регионален пат 416-с.Загориче во должина од 500 $м^1$ и
6. Врска Регионален пат 516-с.Сладуево во должина од 250 $м^1$.

**член 2**

Со влегување во сила на оваа Решение, престанува да важи Решението за определување на приоритетна листа за рехабилитација и реконструкција на локалните патишта во Општина Демир Хисар бр. 08-658/2 од 01.11.2010 година.

**член 3**

Оваа Решение влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**бр. 08-72/1**
**31.01.2011 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 71 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Правилник за заштита и спасување од пожари и експлозии**

1.Го објавувам Правилник за заштита и спасување од пожари и експлозии во Општина Демир Хисар донесен од страна на Градоначалникот на Општина Демир Хисар.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 -87/7**
**03.02.2011 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р.***

***241.*** Врз основа на член 75 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на РМ бр.36/04, 49/04 и 86/08), Градоначалникот на општина Демир Хисар, донесе

Правилник за заштита и спасување од пожари и експлозии

**I. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Член 1

Овој Правилник се донесува со цел заштита на имотот, вработените и присутните лица во зградата на општина Демир Хисар.

Член 2

Организирањето и сроведувањето на заштитата и спасувањето од пожари и експлозии, се врши врз основа на Законот за заштита и спасување, уредбите, прописите, други закони и правилници и одредбите на овој Правилник.

Член 3

Согласно член 68 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на РМ бр.36/04, 49/04 и 86/08), заштитата и спасувањето од пожари,експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер.

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите средини, објекти и места со превентивни и оперативни мерки.

Член 4

Со овој Правилник се утврдуваат:

1. Мерките за заштита од пожари и експлозии
   -превентивни мерки
   -оперативни мерки
2. Постапката и начинот на запознавање на работниците при спасување на работа или распоредување од едно на друго работно место со опасностите за настанување на пожар,
3. Распоредот и времето на испитување на исправноста на уредите, техничката опрема и средствата за гаснење на пожари,
4. Должностите и одговорностите на општината кон органите за надзор,
5. Преодни и завршни одредби.

## II. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ

-Превентивни мерки

Член 5

Превентивните мерки се активностите кои се превземаат за навремено предупредување на вработените во општина Демр Хисар за можните опасности од појава на пожари и експлозии, со цел намалување, отстранување на причините за појава на пожари и експлозии преку нормативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер.

Превентивните мерки кои треба да се спроведуваат во секојдневното работење на општина Демир Хисар се:

- При проектирањето и изработка на објекти, како и при изведувањето на доградба, поправка, реконструкција и адаптација треба да бидат применети сите потребни мерки за заштита и спасување од пожари и експлозии,
- Сите инсталации, уреди и постројки треба да се изведени квалитетно и редовно да се одржуваат во согласност со член 74 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на РМ бр.36/04, 49/04 и 86/08), точка 11 од Стандардот МКС Н.Б4.801 за Заштита на објекти од атмосферски празнења и одредбите на Правилникот за технички нормативи за електрични инсталации за низок напон (Службен весник на СФРЈ бр.53/88),
- Одржувањето и сервисирањето на инсталациите е во надлежност на овластени стручни лица,
- Се забранува премостување (калемење) на електрични топливи осигурачи,
- Грејните уреди да се користат само доколку се технички исправни,
- Грејните уреди да се исклучуваат по завршувањето на работното време,

- На местата каде се чуваат и користат запалливи течности и други огненоопасни материи, да се поставаат разни предупредувања и известувања за опасноста,
- Точењето и преточувањето на запалливи течности терба да се врши во согласност со Законот за заштита од запалливи течности и гасови и во присуство на стручно лице,
- Работните површини, места ихали треба редовно да се чистат, а отстранувањето на отпадоците треба да се врши на одредени места под посебни усови,
- Во работните простории не смее да се натрупува лесно запаллив материјал покрај разводните кабли на електричната инсталација, електромотори, евакуациони патишта итн,
- Во сите простории треба да се почитува забараната за пушење,
- Евакуационите патишта сегогаш мора да се проодни и без пречки,
- Сите влезови, излеи и противпожарни патеки во објектите, како и преминот за противпожарните возила треба да се слободни, уредно одржувани и видно обележани,
- ПП апаратите треба редовно да се одржуваат и сервисираат,
- Визуелна контрола на состојбата со опременост на хидрантските ормани,
- Контрола на хидрантската мрежа со сите уреди и апаратура,
- Секој работник мора да биде запознаен со спецификите на работното место и опасностите од пожар во текот на работењето и користењето на превентивните мерки за заштита од пожар и експлозија,
- Редовна обука на вработените за употреба на апаратите за противпожарна заштита, со соодветен сертификат,
- Утврдувањена евакуациони патишта,
- Утврдување на собирни места за евакуираните лица,
- Запознавање на вработените со постапката за евакуација,
- На одредено место да се постави потребен алат и прибор (лопати, копачи, челилни метли итн),
- Запознавањее на вработените со превентивните и оперативните мерки за заштита од пожар и одредбите од овој Правилник,
- Да се постави буре со песок до котларата.

-Оперативни мерки

Член 6

Во функција на заштита и спасување од пожари и експлозии, се спроведуваат оперативни мерки во случај на:

1. непосредна опасност
2. за време на траење на опасност
3. отстранување на последиците

1.Активности и мерки во случај на непосредна опасност

Член 7

Во случај на непосредна опасност одговорните лица за заштита и спасување од поажари и експлозии во општина Демир Хисар ја зголемуваат готовноста за спроведување на заштитата, прибирањето на податоците за можната опасност, го засилува набљудувањто на површиуната и објекстите и вршата навремена евакуација на вработените, МТС, возилата, а по потреба обезбедуваат и дополнителни човечки ресурси, односно јас мобилизираат универзалната единица формирана од општина Демир Хисар.

2. Активности и мерки за време на траење на опасноста

Член 8

За време на траење на опасноста ова се мерките кои вработените мора да ги превземат:
-јавување и алармирање за опасноста на вработените, ТППЕ, ДЗС...
-почетно гаснење на настанатиот пожар,
-постапка за евакуација на вработените и затекнатите граѓани,
-прва медицинска помош на повредените,
-евакуација на МТС, затекнатите возила итн,
-повикување-известување на итни слуби за настанот,

Член 9

Секој вработен кој ќе забележи опаност од пожар или експлозија, должен е да ги алармира останатите со повикот ПОЖАР или да го вклучи алармниот систем.

Гаснењето на пожарот е должност на секој вработен во општината.

Член 10

Во случај ако пожарот настане вон работно време, државен празник или неработен ден, лицата од физичкото обезбедување треба да ја известат ТППЕ Демир Хисар на телефонскиот број 193 и одговорното лице од општина Демир Хисар.

Член 11

Општина Демир Хисар изведува обука на дел од вработените за почетно гаснење на пожар, согласно член 56 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на РМ бр.36/04, 49/04 и 86/08) и член 24 од Законот за безбедност и здравје при работа (Службен весник на РМ бр.37/07).

Одговорно лице за противпожарна заштита во општина Демир Хисар е Игор Дамјаноски.

Во понатамошното гаснење на настанатиот пожар ќе учествуваат припадниците на универзалната единица: Киро Ангелевски (командир на одделение), и тројца извршители Драге Котевски, Дарко Петковски и Оливер Петровски.

Член 12

Пред почетокот на гаснењето одговорното лице ја исклучува електричната енергија во целиот објект.

Гаснењето да се изведува со ПП апарати и хидрантска мрежа.

Вработениот има право да го прекине гаснењето на пожарот ако утврди дека му е загрозен животот.

Доколку треба дополнителна помош, се бара од ТППЕ Демир Хисар.

По пристигнувањето на ТППЕ, тие го превземаат гаснењето на пожарот.

Член 13

Одговорните лица за евакуација вршат евакуација на вработените до собирното место, каде се пружа и прва помош.

За евакуирање на вработените и лицата затекнати во општината, се задолжени следниве лица: Јовче Силјановски, Љупчо Толевски и Томе Милошовски.

Евакуацијата на МТС и друго, се врши по луѓето.

Патиштата за евакуација се утврдуваат со посебен план.

4. Активности и мерки за отстранување на последиците

Член 14

Во овие рамки, се формира Комисија за проценка на штета, санација на оштетените објекти и превземање на здравствено и хигиено-епидемиолошки мерки.

## III. ПОСТАПКА И НАЧИН НА ЗАПОЗНАВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ПРИ СПАСУВАЊЕ НА РАБОТА ИЛИ РАСПОРЕДУВАЊЕ ОД ЕДНО НА ДРУГО РАБОТНО МЕСТО СО ОПАСНОСТИТЕ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА ПОЖАР

Член 15

Согласно пропишаните превентивни мерки за заштита од пожар и експлозии и Законот за безбедност и здравје при работа (Службен весник на РМ бр.92/07), вработените мора да се запознаени со должностите, процесот на работа, заштитните мерки и опасностите за појава на пожар во теко0т на технолошкиот процес.

## IV. РАСПОРЕД НА ВРЕМЕТО НА ИСПИТУВАЊЕ НА ИСПРАВНОСТА НА УРЕДИТЕ, ТЕХНИЧКАТА ОПРЕМА И СРЕДСТВАТА НА ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРИ

Член 16

Сите видови на инсталации, уреди и постројки, треба да се квалитетно изведени и редовно да се одржуваат во согласност од член 74 од Законот за заштита и спасување, точка 11 од стандардот МКС НБ4.801 за заштита на објекти од атмосферски празнења и одредбите од Правилникот за технички нормативи за електрични инсталации за низок напон (Службени лисат СФРЈ бр.53/88).

Член 17

Одржување, сервисирање и испитување на ПП апаратите опфаќа:

А) Редовен визулене преглед,

Б) Сервисен преглед,

В) Контролно испитување.

Треба да се врши редовен визуелен преглед еднаш месечно на ПП апаратите од страна на одговорното лице во општината, при што се утврдува воочливоста на апаратот, достапноста до него, општата состојба и комплетноста на апаратите и состојбата на пломбата.

Овие прегледи се евидентираат во посебна книга.

Член 18

Сервисниот преглед се врши најмалку еднаш годишно, а по потреба и почесто во зависнот од условите на пожарното оптеретување.

Член 19

Контролното испитување на ПП апаратите се извршува секоја петта година.

Член 20

Контролата на хидрантската мрежа со сите уреди и апаратура се извршува еднаш годишно (мерење на притисок на вода).

Внатрешните и надворешни хидрантски ормари треба да бидат контролирани и опремени со сооодветна опрема.

Член 21

На стабилните уреди за рачно јавување на пожар најмалку еднаш годишно во текот на една календарска година се врши сервисирање и проверка на нивната исправност и функционалност.

## V. ДОЛЖНОСТИТЕ И ОДГОВОРНОСТА НА РАКОВОДНИТЕ И ДРУГИ РАБОТИЦИ ВО ВРСКА СО ЗАШТИТАТА ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ

Член 22

Градоначалникот во областа на заштитата од пожар ги има следниве права и обврски:

1. Се грижи за спроведување на одлуките и заклучоците од работната комисија во областа на заштитата од пожарите,
2. Се грижи за спроведување на законските мерки, мерки од инспекциските органи, а врши општ надзор над спроведувањето на истите,
3. Се грижи за благовремена набавка, правилно користење и одржување на техничката опрема и средствата потребни за заштита од пошари,
4. Предлага мерки на органите на управување,
5. Покренува постапка заповреда на работната должност против одговорните лица кои не ги споведуваат или не се придржуваат кон пропишаните мерки,
6. Донесува одлука за запирање со работа доколку има опасност од пожар.

Член 23

Раководителите на одделенија во областа на заштитата од пожар ги имаат следниве права и обврски:

1. Ги организираат и контролираат спроведувањето на мерките за заштита од пожари со овој Правилник,
2. Ги отстрануваат опасносите од пожар и експлозија,
3. Организираат запознавање на вработените со материјата,
4. Учествуваат во изработката на планските документи за ЗиС,
5. Го известуваат градоначалникот за превземање на мерки и сами ја превземаат организацијата за гаснење доколку градоначалникот е отсутен,
6. Организираат гаснење на пожарот,
7. Отсрануваатнепослушни лица од лице-местото,
8. Предлагаат покренување на постапка за повреда на работната должност против лица кои не се придржуваат и не ги спроведуваат пропишаните мерки,
9. Се грижат за организацијата и функционирањето на службата за ЗиС од пожари, определуваат оспособен работник за успешно ракување и одржување на средставата за ЗиС од пожар,
10. Ги проучуваат потребите и предлагаат набавки на соодветни средства и вградување на уреди за ЗиС од пожари.

Член 24

Вработените во областа на заштиата од пожар ги имаат следниве права и обврски:

1. Треба да се запознаени со опасностите од пожар и со спроведувањето на пропишаните мерки,
2. Да се грижат за исправноста и употребливоста на уредите, опремата и средствата наменети за гаснење на пожар и приодите до нив да бидат проодни,
3. Да ги исклучат мошните предизвикувачи на пожар по завршувањето на работното време,
4. Сите дефекти и оштетувања на можните предизвикувачи на пожар навреме да ги отстранат,
5. Во случај на пожар да превземата сите мерки и активности за гаснење на почетни пожари,
6. При гаснење на пожар, на вработените им следува надоместок на плата во износ како да биле на работа,
7. Должни се да се посетуваат курсеви или семинари за ЗиС од пожари,
8. Должни се да се придржуваат на утврдените мерки за ЗиС од пожари,
9. За неизвршување на обврските при гаснење на пожар, подложни се на одговорност.

## VI ДОЛЖНОСТИ НА ОПШТИНАТА КОН ОРГАНИТЕ НА НАДЗОРОТ

Член 25

Одговорните лица во општината се долшни да ги отстранат недостатоците во дадениот временски рок и да постапат кон насоките дадени од органите на надзорот.

Должни се да ги спроведуваат мерките за ЗиС кои ќе ги наложи Инспекторатот надлежен за ЗиС од пожари и експлозии.

**VII ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 26

Изменување и дополнувања на овој Правилник се врши од страна на Градоначалникот на општина Демир Хисар.

Член 27

Составен дел на овој Правилник се и трите шематски прикази на зградата на општина Демир Хисар, во кои се прикажани евакуационите патишта и местоположбата на ПП апаратите.

Член 28

Овој Правилник влегува во сила со денот на негово донесување, а ќе се објави на Огласната табла во општина Демир Хисар и во Службен гласник на општина Демир Хисар.

Бр. 08-33/1
Датум:14.01.2011

**Изработил**
**Игор Дамјаноски**

**14.01.2011**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**
**Тони Ангелевски с.р.**

# *С О Д Р Ж И Н А*


| ***Р.бр*** | ***НАЗИВ НА АКТОТ*** | ***Стр.*** |
|---|---|---|
| **235** | Одлуката за определување на приоритетна листа за рехабилитација и реконструкција на локалните патишта во Општина Демир Хисар | 1-2 |
| **236** | Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за вршење на јавна чистота за 2010 во Општина Демир Хисар | 3 |
| **237** | Програмата за вршење на јавна чистота за 2011 во Општина Демир Хисар | 4-12 |
| **238** | Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2010 во Општина Демир Хисар | 13 |
| **239** | Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар во текот на 2010 година | 14 |
| **240** | Решение за определување на приоритетна листа за рехабилитација и реконструкција на локалните патишта во Општина Демир Хисар | 15-16 |
| **241** | Правилник за заштита и спасување од пожари и експлозии | 16-22 |



***ИЗДАВА: ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР***
***Градоначалник Тони Анѓелевски***

***КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА И ДИЗАЈН:***
***Виолета Пајковска***